# Извештај за реализираните активности од Акцискиот план за имплементација на мерките од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост
# Февруари- август 2019 година

| Министерство за труд и социјална политика | |
|---|---|
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права | Под координација на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (НКТ) при Владата на Република Северна Македонија, во периодот од една година (01.04.2019 - 31.03.2020) се спроведува пилотирање на новиот модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете и младинец со попреченост, базиран на Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ). За таа цел се формираа две регионални стручни тела во Скопје и едно Национално стручно тело за процена кое ќе ги координира двете регионални, а понатаму и другите регионални тела во државата, вкупно девет (9) во цела држава. Канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија е главен партнер, кој ја обезбедува и поддршката на стручните тела преку ангажирање на меѓународен експерт за МКФ. Министерството за труд и социјална политика одобри користење простории во поранешниот Дом за деца без родители „11 Октомври“ во населба Капиштец. Истовремено, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика дадоа согласност за |

| | |
|---|---|
| | отстапување на вработени лица од здравствени и социјални установи за потребите на стручните тела за проценка, во периодот на пилотирање од една година.<br>Овој принцип на работа овозможува да се воспостави систем кој поттикнува рана идентификација и обезбедува рана поддршка. Важно е да се напомене дека родителите на децата се активно вклучени во целиот процес на проценката и тие имаат можност да донесат информирана одлука за сите прашања кои се однесуваат на нивното дете.<br>На 114 седница на Владата одржана на 08.01.2019 година, се донесе заклучок за потребата од задолжителна инклузија на учениците со лесна интелектуална попреченост во редовните училишта. Во периодот од 13 Мај до 30 Јуни 2019 година се изврши проценка на сите деца од прво до петто одделение од посебните основни училишта и посебните паралелки во редовните училишта во Република Северна Македонија, со цел да се утврди нивната функционалност и потреба од дополнителни услуги за вклучување во редовните училишта. Проценката ја правеа новите пилот Комисии за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка, базирана на Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ).<br>Во овој период од страна на трите стручни тела за проценка беа посетени 8 основни училишта во кои учат деца со попреченост и беа извршени вкупно 194 функционални проценки на сите деца од прво до петто одделение. Препорака за продолжување на образованието во редовно основно училиште добија 64 деца или 33% од вкупниот број, од кои 17 со образовен асистент, а 4 деца со личен асистент. За овие деца задолжителна е реевалуација на проценката на 6 месеци. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Редовна обука на јавни и приватни чинители за недискриминација и разумно прилагодување за лицата со попреченост, а која ќе се фокусира на пристапот кон | Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, во соработка со граѓанскиот сектор во 2018 година започна со спроведување на основни обуки за недискриминација и против говор на омраза за сите државни институции и општини. Во обуките за 2019 година беа опфатени и вработените во Инспекторатите |

| | |
|---|---|
| попреченоста базиран на човековите права, наместо преку традиционалниот медицински и хуманитарен пристап | меѓу кои и Државниот инспекторат за труд, судиите, адвокатите, вработените во Агенцијата за вработување како и синдикалните организации и сите центри за социјална работа. Обуките ќе траат до 2021 година за што се обезбедени финансиски средства. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Воведување посебни мерки за жените и девојчињата со попреченост во постоечката легислатива, особено во Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за еднакви можности на жените и мажите | Законот за спречување и заштита од дискриминација како lex specialis, дава насоки во новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите кој ќе се отвори за измени кон крајот на 2019 година. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да се имплементираат ефективни законски, политички и практични мерки со цел справување со родово базирано насилство врз жените и девојчињата со попреченост | Министерството за труд и социјална политика во април 2018 година изработи национален Акциски план за спроведување на Истанбулската Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство. Акцискиот план како своја прва цел го предвидува усогласувањето на националните закони со одредбите на Конвенцијата за периодот 2018-2023. За таа цел се формираше и работна група која учествува во подготовката на Предлог-законот за спречување и заштита од родово базирано насилство кој се планира да се заврши до декември 2019. Истиот ќе ги следи стандардите кои ги дефинира Истанбулската конвенција. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да осигура пристапност на засолништата за жртви на насилство и нивните услуги и за лицата со попреченост | Согласно утврдената динамика во Акцискиот план за имплементација на Европската конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (2018-2023) / Оперативен план за 2018/2019 година, Министерството за труд и социјална политика започна активности во делот на воспоставување на специјализирани сервиси за жртви на семејно насилство на територијата на Република Северна Македонија. Активностите се во тек и до крајот на септември 2019 |

| | |
|---|---|
| | година, ќе се отворат минимум 5 специјализирани сервиси за жртви на семејно насилство, а до крајот на 2019 година планирани се уште 5 специјализирани сервиси.<br>Исто така Министерството за труд и социјална политика, во 2019 година склучи договори со 4 граѓански здруженија избрани по пат на јавен повик, за финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејно насилство за давање на специјализирани услуги за семејно насилство и истите се реализираат согласно предвидената динамика. Сите сервиси ќе бидат достапни за лицата со попреченост. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да обезбедат соодветни човечки, финансиски и технички ресурси за целосна имплементација на деинституционализацијата, особено за имплементација на транзицијата кон услови за независно живеење;<br>-Да осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, по пристапни цени, приспособени и со квалитет, со цел да овозможи лицата со попреченост да го практикуваат своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата | Во мај 2019 година се донесе Акциски план 2019-2027 за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027, и двата документи развиени со финансиска и техничка поддршка на Европската Унија и преку партиципативен и консултативен процес остварен низ бројни состаноци, дискусии, дебати и конференции. Првиот нацрт од Стратегијата беше подготвен во јануари 2018 година, кога беше и презентиран на клучните чинители, вклучувајќи ги националните власти, социјални и образовни институции, давателите на социјални услуги, граѓанските организации, професионалците и др.<br>Стратегијата покрива два различни, но комплементарни аспекти на поддршка на независното живеење на лицата со попреченост: 1) стратешки столбови на трансформацијата на институциите и тоа: а) трансформација и затворање на институциите, б) преселба на корисниците во заедницата, в) развој на услуги во заедницата, г) спречување институционализација; и 2) мерки и политики потребни за поддршка на процесот, вклучувајќи: координација и спроведување; законодавната реформа; промени во финансирањето; социјална инклузија и овозможување редовни услуги и домување; воведување нови пристапи и нови стандарди за квалитет; зајакнување на капацитетот на работната сила; зголемување на свеста; учество на корисниците и понатамошни пилотирања и истражувања. |

| | |
|---|---|
| | Во Буџетот на Министерство за труд и социјална политика за 2018 година предвидени беа средства во висина од 29.143.000,00 денари,<br>Реализација на предвидените средства во Буџетот за 2019 година - 169.090.000,00 денари за поддршка на вонинституционалните форми на заштита.<br>Реализација на проект - предпристапна помош во 2019 година, преку која се обезбедени се 1,3 милиони евра за техничка помош за процесот на деинституционализација.<br>Повикот на ЕУД за грантови за социјални услуги беше распишан во април 2019 година. Сепак, поради технички причини повикот беше поништен во јуни и повторно се распиша во јули 2019 година. Краен рок за аплицирање е 16.08.2019 година.<br><br>Со процесот на деинституционализација, до 15 септември 2019 година, сите деца од Домот за доенчиња во Битола ќе бидат сместени во згрижувачки семејства и во други сервиси во заедницата.<br>Бројот на корисници во ЈУ Завод за рехабилитација „Бања Банско"постепено се намалува: 60 на 1 јануари 2019 и 58 на 30 јуни 2019 година. Во процедура е деинституционализирање на уште 7 лица за кои има обезбедено државни станови и треба да се преселат во текот на месец јули. Становите се во фаза на опремување, а дополнително се бараат соодветни куќи во кои се ќе префрлат и дополнителен број на корисници од установата. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да усвои мерки за обезбедување персонална асистенција за лицата со попреченост без разлика на возраста | Во новиот Закон за социјална заштита персоналната асистенција е воведена како услуга од социјална заштита за слепите и за лицата со телесна попреченост над 18 години, бидејќи е поврзана со активација и вклучување на пазар на труд и рехабилитација.<br>Министерство за образование и наука заедно со општините од 2018 ја обезбедува услугата за асистенција (образовни и лични асистенти) за учениците со попреченост во |

| | |
|---|---|
| | основните и средните училишта преку Програмата Општинско корисна работа, а во која се вклучени УНДП и Агенцијата за Вработување. Училиштата преку Општините ја пријавуваат потребата за асистенти во настава. Со оваа програма се ангажирани 334 лични и образовни асистенти во учебната 2018/2019.<br>Услугата образовна асистенција е предвидена и во новиот Закон за основно образование, донесен во јули 2019 година, во кој е наведено дека училиштата ги обезбедуваат личните и образовните асистенти за учениците со попреченост. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да се оформи група на квалификувани толкувачи на знаковниот јазик, учители со вештини за тактилно препознавање, Брајова азбука и вештини за приспособување на текстови во формат лесен за читање, и да се обезбеди дека телевизиските станици даваат вести и програми во пристапни формати, особено за глувите лица, глуво- слепи лица и наглувите лица. | Во моментот, во нашата држава има 30 професионални преведувачи. Континуирано се спроведуваат обуки за знаковни преведувачи, од страна на 4 сертифицирани толкувачи со над 20- годишно искуство во превод во различни области. Обуките се финансиски покриени од страна на Министерство за труд и социјална политика.<br>Програмата за сертификација предвидува 6 нивоа, согласно Европскиот стандард за изучување на знаковниот јазик. Едно ниво трае 3 -4 месеци, и после секое ниво се полага завршен испит. Со завршени 6 нивоа се стекнуваат со право на Сертификат за толкувач на македонски знаковен јазик. Листата на толкувачи се објавува на веб страните на Сојузот на глуви лица и на Министерство за труд и социјална политика.<br>Секое лица кое има потреба од толкување, има право на избор на толкувач. Сервисот е бесплатен за глувите лица.<br>Во однос на вести и програми во пристапни формати, Македонската радио и телевизија која има толкување на знаковен јазик на вести во 15.00 часот и една специјализирана емисија „Петтиот анѓел“, има и толкување на дебатна емисија “И што сега“ во која се разговара на различни теми значајни за лицата со попреченост. ТВ 24 секој работен ден и викенди има толкување на вестите во 20.00 часот и толкување на дебатна емисија еднаш неделно во 21.00 часот.<br>Во МРТ вработени се двајца постојани толкувачи, а во ТВ 24 ангажирани се четири (4). |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |

| | |
|---|---|
| Да се ревидира Законот за заштита на децата и јасно да промовира инклузивно образование и вклучување на попреченоста како основ за дискриминација, да се забрани одбивање на разумно прилагодување, како форма на дискриминација по основ на попреченост. | Законот за заштита на децата не го третира правото на инклузивно образование. Истото е опфатено во новиот Закон за основно образование и во новиот Закон за заштита од дискриминација, каде се воведени одредби за образование на сите деца во редовните училишта, како и одредби за разумно прилагодување. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да го разгледа Законот за социјална заштита и да ја вклучи попреченоста во клаузулата за антидискриминација; | Законот за социјалната заштита усвоен во мај 2019 година вклучува соодветна клаузула за антидискриминација. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да гарантира соодветен стандард на живот за лицата со попреченост, преку компензации во форма на паричен додаток кои би овозможило лицата со попреченост да ги покријат трошоците поврзани со попреченоста | Со новиот закон за Социјална заштита од 2019 година, се прошири правото за попреченост и за лицата со тешка и длабока интелектуална попреченост, освен за лицата со оштетен вид, оштетен слух и телесна попреченост. Истото изнесува 7000 денари. |

| **Министерство за образование и наука** | |
|---|---|
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да го ревидира Законот за основно образование: јасно да промовира инклузивно образование и вклучување на попреченоста како основ за дискриминација, да се забрани | Новиот Закон за основно образование усвоен во јули 2019 година, целосно се хармонизира и усогласува со начелата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, посебно со член 24 Право на инклузивно образование. Истиот, промовира еднаквост, достапност, пристапност и инклузивно образование. Исто така, во Законот е |

| | |
|---|---|
| одбивање на разумно прилагодување, како форма на дискриминација по основ на попреченост | наведена и попреченоста како основ за дискриминација, како и одбивањето на разумно прилагодување. Дополнително, со Законот е предвидено да се изработи и Концепција за инклузивно образование, во која ќе бидат разработени сите практични аспекти за имплементација на законските одредби. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Експлицитно и веднаш да спроведе забрана за исклучување на учениците со попреченост од редовните училишта врз основа на нивните оштетувања | Новиот Закон за основно образование од 2019 година нагласува дека образованието е институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој поддржува инклузија на сите деца во редовното основно образование.<br>За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште обезбедува: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од Центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата, особено на учениците со интелектуална попреченост или учениците со психо-социјална попреченост и девојчиња со попреченост | Бирото за развој на образованието заедно со УНИЦЕФ во јануари 2019 реализираа три обуки за инклузивно образование за 13 училишта во Скопје, при што се обучени над 400 наставници и стручни соработници. Темите кои беа опфатени се однесуваат на: принципи на инклузивно образование, тимови за инклузија, индивидуален образовен план – ИОП, прилагодување на материјалите, активностите и постапките согласно потребите на учениците, следење на постигнувањата на учениците – прилагодувања согласно посебните потреби на учениците. |
| **Министерство за здравство** | |

| Препорака од Комитетот на ОН | Реализирани активности |
|---|---|
| Да ја вклучи попреченоста како основа за дискриминација во Законот за заштита на правата на пациентите. | Законот за измена и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите е објавен на системот ЕНЕР.<br>Министерството за здравство во овој процес ги вклучи и претставниците на здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост со кои заедно беше подготвен и објавен предлог Законот во кој е вклучена попреченоста како основа за дискриминација. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да ги отстрани ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација, како и секакви исклучоци во Законот за здравствено осигурување кој ги дискриминира лица со попреченост односно ги занемаруваат нивните посебности. | Започна со работа Работната група за анализа и следење на активностите на Фондот за здравствено осигурување во однос на подобрување и проширување на здравствените услуги достапни за деца и лица со попреченост во која учествуваат и претставниците на невладиниот сектор.<br>Започната е анализата на општите акти на Фонд во однос на прашањата со кои се засегаат правата на децата и лицата со попреченост, меѓу кои се: наплатата на партиципацијата за здравствени услуги, продолжено болничко лекување-рехабилитацијата, користење на ортопедски помагала, боледувањата за лица со попреченост и на нивните родители, случаи на придружба на лице со попреченост при давање на здравствена услуга, издавање на конзилијарни лекарски мислења и други прашања. За таа цел здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост доставија предлози за промена на општите акти на Фондот кои ќе бидат предмет на заедничка обработка во наредниот период. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да усвои план за обуки на здравствените работници за правата на лица со попреченост, | Во рамките на планираните активности на Организациите на ОН во земјава (УНФПА и УНИЦЕФ) кои се спроведуваат со поддршка на Министерството за здравство се |

| | |
|---|---|
| пристапот кон попреченоста базирана на човековите права | организираат обуки за сензибилизација на здравствените работници за работа со лица со попреченост.<br>- Во рамките на програмата за здравје и исхрана на **УНИЦЕФ**, извршени се 15 обуки во периодот април-јуни 2019 година за подобрување на знаењата и вештините на 110 доктори по општа медицина и специјалисти по семејна медицина за рано откривање и рана интервенција кај деца со попреченост:<br>- На обуките присуствувале здравствени работници од Скопје, Велес, Битола, Прилеп, Тетово , Гостивар , Куманово, Штип, Валандово, Струмица, Кочани, Охрид<br><br>Паралелно со обуките, се изврши адаптација на M-Chat алатката за рано препознавање на деца со развојни потешкотии и истата се пилотира во 10 ординации. Првите резултати се очекува да се презентираат во септември 2019. Истовремено, се пилотира и Меѓународната класификација на функционалност (ICF) во 10 ординации по општа и семејна медицина, а се формираше и работна група на Медицински факултет за воведување на Меѓународната класификација и попреченоста како социјален модел на болест во курикулумите за додипломски студии на медицина, како и специјализациите по социјална медицина и педијатрија и континуирана медицинска едукација.<br><br>**UNFPA** со помош на партнерите ХЕРА и Катедрата за семејна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, во периодот февруари- мај 2019 година, ги реализираа следниве обуки за зајакнување на капацитетите на 82 здравствени работници за одговор на родово- базирано насилство и лицата со попреченост:<br>- Струмица - вкупно 22 учесници/чки - семејни лекар(к)и, медицински сестри;<br>- Скопје - вкупно 23 учесници/чки, специјализант(к)и по семејна медицина;<br>- Битола - вкупно 13 учесници/чки - семејни лекар(к)и и |

| | |
|---|---|
| | - Кочани - вкупно 24 учесници/чки - семејни лекар(к)и, медицински сестри, патронажни сестри, социјални работници/чки и правници/чки. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Комитетот препорачува државата членка да усвои мерки со цел да обезбеди помагала за мобилност по пристапни цени за лица со попреченост | Предлог Законот за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување со кој се предвидени одредени олеснувања при добивањето на здравствени услуги и помагала на лицата со попреченост се уште се наоѓа во собраниска процедура пред да биде усвоен. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да се преземат мерки да се обезбеди достапност и пристапност до здравствените установи и здравствените услуги, со отстранување на физичките препреки до здравствените установи, како и да се обезбедат информации во пристапни формати до лицата со инвалидност | Собрани се податоци од сите јавни здравствени установи во земјава во однос на постоење на пристапни рампи односно патеки за лица со попреченост како и соодветни лифтови за превоз на пациенти.<br>Во подготовка е и нацрт текстот за изменување и дополнување на Правилникот за потребен простор, опрема и кадар за основање, почнување со работа и вршење здравствена дејност во здравствени установи, во кој треба да се создадат услови за поголема и соодветна пристапност и достапност на здравствените установи за непречено користење од лицата со попреченост |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да ја разгледа својата легислатива со цел да обезбеди задолжителна примена на стандардите за пристапност во услуги отворени за јавноста, информатички и комуникациски технологии и системи, и да | Новите веб страници на Владата, министерствата и останатите институциите ќе ги имплементираат стандардите за пристапност за лицата со попреченост, согласно Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост. За таа цел ќе се имплементираат најновите стандарди WCAG 2.1 за веб пристапност. За оваа цел е усвоена информација на 130-та седница на Владата на Република Северна Македонија од |

| | |
|---|---|
| воведе строги санкции за оние кои нема да ги применат. | 16.04.2019 година за формирање Работна група за изработка на модел за Единствено веб решение за унификација на веб- страниците на Владата, министерствата и институциите. |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| - Да размисли за усвојување на закон за право на пристап до информации и да се отстрани било какво ограничување кое ги спречува лицата со попреченост слободно да бараат, примаат и пренесуваат информации и идеи на еднаква основа со другите,<br><br>-Да осигура сопствениците и дизајнерите на веб страните да ги направат своите веб страни пристапни за лица со попреченост, особено за слепите и слабовидите лица. | Во Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за период од 2019 до 2023 година, донесена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, предвидено е следното:<br>- зголемување на пристапноста на лицата со попреченост до медиумските услуги и содржини, односно документ за политики за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост и иницирање на подготовка на саморегулаторен акт на чинителите од индустријата за пристап на лицата со оштетен вид и слух до аудиовизуелни услуги.<br>- забрана за дискриминација и говор на омраза, како што се активности за едукација на медиумите и на граѓаните против говорот на омраза и дискриминацијата. |
| **Министерство за култура** | |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да преземе чекори да го поддржи и охрабри учеството на лицата со попреченост, вклучувајќи ги и децата, во културни активности | - Во првиот квартал од 2019 година, Министерството за култура ги објави резултатите од годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по области и дејности за 2019 година и склучи договори со носителите на поддржаните проекти. Рокот на реализација на одобрените проекти согласно Законот за култура е заклучно со 31.12.2019 година. Вкупно 27 проекти за лица со попреченост се поддржани во рамките на годишните конкурси за финансирање проекти и манифестации од национален интерес во културата.<br>- Во организација на Министерството за култура и Театар „Комедија“, во соработка со Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН |

| | |
|---|---|
| | за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Северна Македонија, во февруари 2019, на редовниот репертоар на театарот Комедија, се прикажа претставата „Мечка“ која беше толкувана на знаковен јазик од страна на професионални преведувачи. За прв пат во нашата земја една театарска претстава беше достапна и за глувите лица кои непречено можеа да уживаат во придобивките на културните манифестации. |
| **Министерство за транспорт** | |
| **Препорака од Комитетот на ОН** | **Реализирани активности** |
| Да ја разгледа својата легислатива со цел да обезбеди задолжителна примена на стандардите за пристапност во сите области, особено за објекти, транспортни услуги, други простории и услуги отворени за јавноста, и да воведе строги санкции за оние кои нема да ги применат | -Новиот нацрт Закон за градба е доставен до сите заинтересирани страни во јуни, 2019 година, со цел истите да доставуваат коментари и предлози. Нацрт текстот на Законот се базира на вградување на основните постулати на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост како основни начела врз кои ќе се темели новото законско решение, како и засилување на инспекцискиот надзор. Предвидено е по сублимирање на доставените предлози во втората половина на септември да се постави на ЕНЕР.<br>- на 13.08. 2019, во Владата на РСМ беше остварена средба со Здружението „Мобилност“, а во однос на нацрт текстот на Законот.<br>-Во насока на обезбедување на пристапност до транспортните услуги на 10 железнички станици долж коридорот 10 и 10 Д извршена е примена на стандардот за физичка пристапност на лицата со попреченост. Поставени се рампи кои овозможуваат непречен пристап до користење на станиците и тоа во следните градови: Скопје, Велес, Градско, Неготино, Чашка, Прилеп, Битола, Табановце, Демир Капија и Богомила, Исто така се поставени и ленти за непречено движење на лицата со оштетен вид. |